СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

**До: Министерство за труд и социјална политика**
**Ул. Даме Груев број 14**
**1000 Скопје, Република Македонија**

0302-026-1/18
Скопје, 23.04.2018

**За: Сектор за политики од областа на трудово право и политики за вработување**

**Предмет: Барање за измена и дополнување на Законот за работните односи**

Почитувани,

Би сакале да искажеме благодарност за досегашната соработка која ја оствареуваме и која се надеваме дека успешно ќе ја спроведуваме и во иднина.

Сојуз на стопански комори на Македонија континуирано ја следи примената на законската регулатива во приватниот сектор и утврдува предлози за подобрување на истата врз основа на мислењето на компаниите членови, особено во сферата на работните односи. Во оваа насока, а согласно објавениот Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи на Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Македонија (ЕНЕР), досега бизнис заедницата истакна дека од особена важност е измена и дополнување на Законот во делот на отказ од страна на работникот и за таа цел предлагаме:

- Дополна на член 71, став 1 "Работникот може да го откаже договорот за вработување ако писмено изјави дека сака да го откаже договорот за вработување, почитувајќи го утврдениот рок во склучениот договор со работодавачот".
- Дополна на член 100, став 1 "Работникот може по истекот на 3 дена откако претходно писмено го предупредил работодавачот на исполнување на обврските, да му го откаже договорот за вработување почитувајќи го утврдениот рок во склучениот договор со работодавачот, ако:".

Наведениот предлог на бизнис секторот произлегува од утврденото мислење дека постоечкиот Закон за работните односи нуди еднострана заштита и тоа за работниците, а не и за работодавачите и во оваа насока доколку се прилагоди согласно наведеното ќе се придонесе кон зголемување на бројот на вработувања, како и идни инвестиции на работодавачите во зајакнување на капацитетите на човечките ресурси.

Ве информираме и дека Сојуз на стопански комори на Македонија моментално спроведува низа на консултации во врска со предложените измени објавени на ЕНЕР, како и утврдување на предлози за останати измени и дополнувања на Законот за работните односи и истите по нивното сублимирање дополнително ќе Ви ги доставиме.

За сите дополнителни информации, Ве молиме да нè контактирате на тел: 076 455 045 или на е-маил: info@chamber.mk, контакт лице: Маја Савеска.

Срдечно Ве поздравуваме.

Со почит,

Александар Зарков, извршен директор
Сојуз на стопански комори на Македонија

International Chamber of Commerce
*The world business organization*
World Chambers Federation

Сојуз на стопански комори на Македонија | Ул. Црвена скопска општина бр.10, Скопје, Македонија
тел: 02 3091 440 | факс: 02 3090 595 | е-маил: info@chamber.mk | www.chamber.mk